УДК 93/99 ISSN 0583-4961

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

# ГЛАСНИК

ГЛАСНИК год. 60 бр. 1 стр. 1-336 Скопје 2016

ГЛАСНИК 60 1 2016 ISSN 0583-4961

СТАТИИ

УДК 94 (381) “-05/-04”

# ФИЛХЕЛЕН И СОЈУЗОТ: АЛЕКСАНДАР I, АТИНА И ПРВИТЕ ИСКРИ НА СЕВЕРОТ

*Војислав Саракински*

Виш научен соработник на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

Abstract

Simultaneously with the siege of Thasos, ten thousand Athenian and allied colonists went on their way to establish a settlement at Ennea Hodoi, a crossing controlled by the Edonians. This attempt came to a grievous end, as – their alleged hostility notwithstanding – the Edonians and Alexander the Philhellene most probably had common interests in the area. It would be very reasonable, in 479 BC, to keep an active military force and try to implement some sort of administrative overview over Edonia; fifteen years later, however, after all immediate external threats became a thing of the past, Alexander withdrew the formal border of the kingdom to the west in order to alleviate the cost of keeping soldiers and administrators that far from the capital at Aegae. This, however, did not mean that Edonia left the Macedonian sphere of interest and/or influence. Ruled by a local *basileus*, they obviously remained ξύμμαχοι καὶ ὑπήκοοι (“allies and subjects”), following the pattern of certain tribes in western Upper Macedonia. Accordingly, in fighting the colonists sent by Athens, they seem to have acted in cooperation with the Argeadai – a fact that took the Athenians by surprise.

*Key words:* Alexander I, Delian League, colonists, Ennea Hodoi, Strymon.

Битката кај Платаја го означила крајот на непосредната персиска закана за копнена Хелада и, воопшто, за Европа; воедно, со тоа завршила и непосредната условеност на сите локални воено-политички случувања од настаните во грчко-персиските војни. Новите сили во Егејскиот басен можеле повторно да се свртат кон внатрешните проблеми и да ги исцртаат понатамошните насоки на дејствување.[1] Александар I почнал да го искористува политичкиот вакуум што го оставило триесетгодишното персиско присуство на тракомакедонското крајбрежје, но требало да најде начин како да ги администрира новодобиените

[1] Одличен вовед во периодот и историската проблематика дава J. K. Davies, „Greece after the Persian Wars“, *in* D. M. Lewis *et al.* (eds.), *The Cambridge Ancient History, Second edition, v. V*, *The Fifth Century B.C.*, Cambridge University Press, 1992, 15–33.

територии од источниот брег на Аксиј, сѐ до преминот Девет патишта;[2] Спарта, освен што можела да здивне од економскиот и демографскиот товар на војувањето, морала да го преобмисли своето предводништво во сојузот на хеленските вооружени сили;[3] случувањата, пак, на атинската сцена навестуваат дека атињаните релативно бргу се вратиле во востановените текови на нивниот внатрешно-политички антагонизам.

1. *Пресвртот во атинската еклесија*. – Некаде во ова време, политичката кариера на Темистокле, спасителот на Атина во битката кај Саламина, добила неочекувана и неславна разврска. Во 471 г. ст.е., под притисок на аристократските кругови во Атина, идејниот творец на атинската превласт на море бил непожелен и морал да замине во прогонство. Власта минала во рацете на аристократите кои, по смртта на Аристејд Праведниот, нашле примерен водач во ликот на Кимон Милтијадов.[4]

Ако се суди само според изворите, падот на Темистокле и растежот на Кимон ниту предизвикале драматични случувања, ниту пак драстично го смениле текот на нештата. Борбата против Персија, која во меѓувреме се префрлила на островите и на малоазиското крајбрежје, и натаму се водела со зголемена бескомпромисност и жестина, а моќта и влијанието на Атина продолжиле да се движат по нагорна линија. Сепак, доволно е малку повнимателно да се разгледа новиот распоред на силите, па да излезат на виделина сите новини и разлики што произлегле од смената во владејачките кругови.[5]

---

[2] Девет патишта се определува како најисточна точка до која допрел Александар I според Dem. 12.21; *cf.* Herod. 8.121.2.

[3] Под претпоставка дека тоа што Павсанија го гледал своето идно поле за дејствување од другата страна на Егејот е само негова лична определба – заклучок што произлегува од дејноста на Леотихида во средна и северна Хелада. *V.* прегледниот наративен приказ на состојбите во Спарта кај E. M. Walker, „The Failure of the Spartan Policy", *in* J. B. Bury *et al*. (eds.), *The Cambridge Ancient History v. V*, *Athens 478-401 B.C.*, Cambridge University Press, 1927, 33-40; *cf.* D. M. Lewis, „Mainland Greece 479-451 B.C." *in* D. M. Lewis *et al.* (eds.), *The Cambridge Ancient History, Second edition, v. V*, *The Fifth Century B.C.*, Cambridge University Press, 1992, 96–120.

[4] *Cf.* E. M. Walker, „The Rise of Cimon", *in* J. B. Bury *et al*. (eds.), *The Cambridge Ancient History v. V*, *Athens 478–401 B.C.*, Cambridge University Press, 1927, 47–49. За проблемите во врска со изворниот материјал, *cf.* E. M. Carawan, „Thucydides and Stesimbrotus on the Exile of Themistocles", *Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte* 38.2, 1989, 144-161. Преглед и анализа на изворниот материјал за политичкиот растеж, зенит и пад на Темистокле дава F. J. Frost, „Themistocles' Place in Athenian Politics", *California Studies in Classical Antiquity* 1, 1968, 105–124.

[5] Особено затоа што изворниот материјал за петтиот век ст.е. е нееднакво распределен и со различен квалитет. Наместо опсежна анализа, сосем доволно е да се повтори констатацијата на D. M. Lewis („Sources, Chronology, Method", *in* D. M. Lewis *et al.* (eds.), *The Cambridge Ancient History, Second edition, v. V*, *The Fifth Century B.C.*, Cambridge University Press, 1992, 15–33): „For the period from 435 to 411 B.C., Thucydides provides a firm framework. For the period from 478 to 435, he gives us some *relatively full narrative on special points* and *a sketchy narrative* from 477 to 440; the only connected narrative of any size is that by Diodorus Siculus".

Размислувајќи за понатамошниот тек на атинските дејствија, Темистокле се соочувал со сериозни грижи на два фронта. Првиот се однесувал на војната против Персија: пред битката кај Евримедонт, моќта на големото кралство сè уште не смеела да се занемари, ниту пак биле сосем јасни персиските намери и нивната реална моќ. Вториот фронт, сè уште недоволно дефиниран, се отворал кон Спарта, која секако не гледала со наклоност ниту на демократската атмосфера во Атина, ниту пак на ширењето и јакнењето на Делско-атичкиот сојуз, предводен од атињаните. Темистокле постојано морал да внимава не само на идните потфати на Персијците, туку и на можните одгласи во Спарта и кај нејзините сојузници.[6] Од друга страна, имотниот, воинствен и надарен Кимон зад себе ги имал семејните врски со Спарта, како и нејзините симпатии и искрена поддршка, што несомнено го ослободувало од една голема грижа. Другата грижа била решена во 469 г. ст.е., кога била извојувана значајна победа над Персијците кај Евримедонт во Памфилија; со неа – во главни црти – завршила епохата на големи воени судири меѓу Хелените и Персијците.[7]

Може да се претпостави дека Кимон имал големо предимство во споредба со својот претходник: откако двајцата најсериозни непријатели на Атина биле скротени – едниот преку семејните врски и идеологијата, а другиот на бојното поле – тој можел без надворешни пречки да ја поведе Атина кон зацврстување на хегемонијата и понатамошен воен, но и економски растеж. За ова, пак, најпрвин требало да се обезбеди стабилен прилив на виталните стратешки ресурси – житото и дрвото, а по можност и на скапоцените метали. Како и многупати пред тоа, погледите на атинскиот политички врв сè почесто биле насочени кон тракомакедонското крајбрежје.[8]

---

[6] *Cf.* P. J. Rhodes, „The Delian League to 449 B.C.“, *in* D. M. Lewis *et al.* (eds.), *The Cambridge Ancient History, Second edition, v. V*, *The Fifth Century B.C.*, Cambridge University Press, 1992, 49 sqq.

[7] *V.* деталниот приказ на дејствијата пред битката и на последователните настани кај M. F. McGregor, *The Athenians and Their Empire*, University of British Columbia Press, 1987, 40 sqq.

[8] Треба да се има на ум опомената на J. W. Cole („Alexander Philhellene and Themistocles“, *L'antiquité classique* 47.1, 1978, 37–49), кој цени дека претходните односи меѓу Македонија и Атина ниту давале некоја општа рамка, ниту пак имале удел во подоцнежните случувања, зашто смената на Темистокле со Кимон подразбирала и промена на матрицата на однесување и платформата за дејствија на Атина на северното крајбрежје. Ова всушност е засновано врз убедувањето на авторот дека Темистокле и Александар можеби се познавале и нивните потфати треба да се сфатат како политичко содејство („We cannot, of course, prove any direct contact between Alexander and Themistocles at this time. Yet it is remarkable how similar the game was which both were playing [...] Alexander and Themistocles were two Greeks who could not lose ; Themistocles before Salamis and Alexander before Plataea. Is this coincidental, or had they discussed their future prospects?“) Ова тврдење ниту може понатаму да се испита, ниту пак да се докаже, а како што се чини, нема потреба новите правци на атинската политика да се објаснуваат со промената на еден или повеќе протагонисти; едноставно, основањето на Делско-атичкиот сојуз донесе на сцена еден нов, сосема поинаков референтен систем на политичката сцена, кој барал и поинакви, наместа и сосем нови парадигми на однесување.

2. *Суштината на првото атинско навлегување.* – Првиот настан кој ја навестува атинската желба за непосредно присуство на северот се случил во 465 г. ст.е., мошне бргу по пресметката со Персијците кај Евримедонт.[9] За ова пишуваат Тукидид, Диодор и Плутарх:

> Χρόνῳ δὲ ὕστερον ξυνέβη Θασίους αὐτῶν ἀποστῆναι, διενεχθέντας περὶ τῶν ἐν τῇ ἀντιπέρας Θρᾴκῃ ἐμπορίων καὶ τοῦ μετάλλου ἃ ἐνέμοντο. καὶ ναυσὶ μὲν ἐπὶ Θάσον πλεύσαντες οἱ Ἀθηναῖοι ναυμαχίᾳ ἐκράτησαν καὶ ἐς τὴν γῆν ἀπέβησαν...[10]
> ἐπὶ δὲ τούτων ἀποστάντες Θάσιοι ἀπὸ Ἀθηναίων, μετάλλων ἀμφισβητοῦντες, ἐκπολιορκηθέντες ὑπὸ τῶν Ἀθηναίων ἠναγκάσθησαν πάλιν ὑπ' ἐκείνους τάττεσθαι.[11]
> ἐκ δὲ τούτου Θασίους μὲν ἀποστάντας Ἀθηναίων καταναυμαχήσας, τρεῖς καὶ τριάκοντα ναῦς ἔλαβε καὶ τὴν πόλιν ἐξεπολιόρκησε, καὶ τὰ χρυσεῖα τὰ πέραν Ἀθηναίοις προσεκτήσατο, καὶ χώραν ἧς ἐπῆρχον Θάσιοι παρέλαβεν.[12]

Изворите, очигледно, не ни кажуваат многу; сепак, јасно е дека трговските и рударските зафати што островјаните од Тасос ги преземале на копното отспротива го привлекле вниманието на Атина. За ова прашање се развил спор, кој кулминирал со решението на Тасос да излезе од Делоскиот сојуз. Атињаните испловиле во 465 г. ст.е. и, по успешно изведената блокада на островот, Тасос бил принуден да се покори.

Овој настан, сам по себе, не предизвикува особено внимание. Во приближно исто време се случил и бунтот на Ајгина, а впрочем, вакви реакции против атинското предводништво имало и пред, и по бунтот на Тасос. Но,

[9] Според една напоредна традиција, првиот обид за продор долж течението на Стримон бил направен уште во 475 г. ст.е., веднаш по освојувањето на Ејон. Но, ова го споменува само еден схолијаст на Ајсхин (*De fals. leg.* 34), и посредно Павсанија (1.29.4), а онаму каде би се очекувало, кај Херодот и Тукидид, за ваквиот обид нема ниту збор. Би било погрешно да се отфрли оваа традиција *a priori*, зашто во античката историографска традиција има и понелогични, и понеобјасниви лакуни; сепак, претпоставениот обид мошне тешко може да се смести во наративните прикази на настаните, кои речиси целосно се засноваат врз Херодот и Тукидид. Додека не дознаеме повеќе за ова, најбезбедно е да се почне со првиот *добро посведочен* обид за навлегување на северното крајбрежје, значи со настаните од 465 г. ст.е. *Cf.* R. Meiggs, *The Athenian Empire*, Oxford University Press, 1972, 68–69; P. J. Rhodes, „The Delian League to 449 B.C."... 40; D. MacDowell, „Leogoras at Ennea Hodoi", *Rheinisches Museum für Philologie*, 102 (1959), 376–378.

[10] Thuc. 1.100: „Нешто подоцна, [на атињаните] им се одметна Тасос, со кого спореа за користењето на трговските испостави и рудниците на крајбрежјето отспротива. Откако ја изведоа флотата против Тасос, победија во поморска битка и се истоварија на островот".

[11] Diod. 11.70: „Во тоа време Тасос се одметна од атињаните поради спорот со рудниците; но, откако беа опсадени, мораа повторно да го прифатат нивното првенство".

[12] Plut. *Cim.* 14: „Потоа ги победи во поморска битка жителите на Тасос, кои претходно се беа одметнале од атињаните; им заплени триесет и три кораби, го опсади нивниот град, ги натера да се предадат и така им ги прибави на атињаните златните рудници на брегот отспротива, како и тамошната земја со која господареше Тасос".

мошне е интересно тоа што, во потполно исто време, десет илјади атински и сојузнички населеници биле пратени да основаат населба во долниот тек на Стримон, поточно на преминот преку Стримон кај Девет патишта, кој сега веќе го контролирале Едонците:

> ἐπὶ δὲ Στρυμόνα πέμψαντες μυρίους οἰκήτορας αὑτῶν καὶ τῶν ξυμμάχων ὑπὸ τοὺς αύτοὺς χρόνους ὡς οἰκιοῦντες τὰς τότε καλουμένας Ἐννέα ὁδούς, νῦν δὲ Ἀμφίπολιν, τῶν μὲν Ἐννέα ὁδῶν αύτοὶ ἐκράτησαν, ἃς εἶχον Ἠδωνοί, προελθόντες δὲ τῆς Θρᾴκης ἐς μεσόγειαν διεφθάρησαν ἐν Δραβησκῷ τῇ Ἠδωνικῇ ὑπὸ τῶν Θρᾳκῶν ξυμπάντων, οἷς πολέμιον ἦν τὸ χωρίον [αἱ Ἐννέα ὁδοὶ] κτιζόμενον.[13]
> ἅμα δὲ τούτοις πραττομένοις Ἀθηναῖοι θαλαττοκρατοῦντες εἰς Ἀμφίπολιν ἐξέπεμψαν οἰκήτορας μυρίους, οὓς μὲν ἐκ τῶν πολιτῶν, οὓς δ’ ἐκ τῶν συμμάχων καταλέξαντες, καὶ τὴν χώραν κατακληρουχήσαντες μέχρι μέν τινος ἐκράτουν τῶν Θρᾳκῶν, ὕστερον δὲ αὐτῶν ἀναβάντων εἰς Θρᾴκην συνέβη πάντας τοὺς εἰσβαλόντας εἰς τὴν χώραν τῶν Θρᾳκῶν ὑπὸ τῶν Ἠδωνῶν καλουμένων διαφθαρῆναι.[14]

Вистина е дека бунтот на Тасос не можел во потполност да се предвиди: атинската војска била пратена и дејствувала само како одговор на она што се случувало, а освен тоа, во мигот кога атињаните набрзина испловувале кон Тасос, намерата за испраќање населеници на север бездруго била веќе осмислена.[15] Сепак, како што ќе видиме, меѓу овие два настани постои очигледна врска.

Поводот за непријателството со Тасос е јасен: во прашање биле рудниците што островјаните ги имале на копното.[16] Со конечната разврска, која уследила по тригодишни непријателства и воени надмудрувања, Атина, покрај Лаврионските рудници, сега непосредно контролирала најмалку уште еден извор на скапоцени метали.[17] Од друга страна, обидот за населување кај Девет

[13] Thuc. 1.100: „Приближно во ова време, [атињаните] пратија десет илјади населеници, кои ги собраа од сопственото граѓанство и од сојузниците, со цел да го населат местото што тогаш се нарекуваше Девет патишта, а сега го знаеме како Амфипол. Успејаа да ја освојат месноста што ја држеа Едонците, но откако се придвижија кон внатрешноста на Тракија, беа уништени од здружени тракиски сили кај Драбеск во Едонија, зашто овие ценеле дека основањето на населбата [Девет патишта] е чин на непријателство“.

[14] Diod. 11.70: „Во исто време со овие настани, атињаните, кои имаа превласт на море, испратија десет илјади населеници кон Амфипол: дел беа собрани од сопствените граѓани, а дел од кај сојузниците. Таму ја поделија земјата на клерухии и, за извесно време, ги држеа Тракијците мирни; но, откако тргнаа да навлезат подлабоко во Тракија, сите беа збришани од племето наречено Едонци“.

[15] *Cf.* R. Meiggs, *The Athenian Empire*, 83 sqq.

[16] Thuc. 1.100.

[17] Издавачите на *ATL* (3.259) ценат дека поседите на Тасос не биле одземени, зашто износот што островот требал да го исплати во касата на сојузниците бил зголемен од три на триесет таланти. Но, R. Meiggs (*The Athenian Empire*, 85–86) правилно забележува дека износот од три таланти е несфатливо мал, и претпоставува дека триесетте таланти се веројатниот очекуван износ од Тасос: триесет таланти, на пример, плаќала и Ајгина.

патишта се толкува различно. Големиот број населеници, како и присуството на воена сила, сведочат дека на идната населба ѝ била наменета значајна улога, но за неа, за жал, можеме само да претпоставуваме.[18] Што, всушност, барале атињаните кај Стримон?

Може да се шпекулира дека активностите на Атина биле насочени кон бисалтските рудници на планината Дисорон.[19] Ако Кимон сакал да започне непријателство со Александар и да присвои дел од неговите територии, овие рудници се највредното нешто кон кое би се стремел. Но, против ваквиот тек на настаните говори обвинението што, малку подоцна, било поднесено против него; иако можел, Кимон не го нападнал кралството на Аргеадите. Освен тоа, атињаните веќе војувале за рудни наоѓалишта, и тоа токму во соседството; да се војува и за Дисорон би било логично само ако крајната цел била да се контролираат сите рудни наоѓалишта во поширокото подрачје, но се чини дека ваквата мотивација не би можела ниту да се оправда, ниту пак, во ова време, да се оствари.

Интересот за дрвна граѓа е споменат само во една претпоставка, па сепак, ако се земе предвид поширокиот кадар на настаните, логиката зад неа е веројатно најсилна.[20] Клучот на загатката лежи во расчекорот меѓу стратешките потреби на Атина и начините тие да се задоволат. Атина обезбедила пазар за сите потребни ресурси, но во голема мера од само еден главен извор: житото доаѓало од Понт, дрвото од македонското кралство, а среброто било

---

Можно решение дава L. C. Hodlofski (*Macedonian Relations with Athens to 413 B.C.*, Thesis, The Pennsylvania State University, 1979), кој претпоставува дека рудниците не биле одземени, но дека исплатите од Тасос наместо во сојузната, оделе директно во атинската каса како воени репарации. Според ова, Атина ги добила благодетите од рудниците на Тасос, без обврска лично да ги управува.

[18] L. C. Hodlofski, *Macedonian relations...*, 63. Цел на населениците бил преминот кај Девет патишта; немало причина да се оди толку далеку во внатрешноста без причина. Најверојатно станува збор за атински воен одред со кој требало да се штити основањето на населбата. По поразот на овој одред, населениците останале без воена заштита, па морале да се повлечат. Прегледен приказ на целата приказна дава P. Delev, „The Edonians“, *Thracia* 17, *In honorem annorum LX Cirili Yordanov*, 2007, 85–106, кој со убедлива анализа на нумизматичките извори претпоставува дека името на едонскиот басилеј е Гета, но не навлегува подалеку во причините за овој потфат и за мотивите на атињаните.

[19] N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia*, volume II, 550-336 B.C., Oxford, 1979, 103.

[20] L. C. Hodlofski, *Macedonian relations...*, 64, веројатно под влијание на неговиот ментор, кој и самиот има мошне сличен став: „By the early fifth century B.C., the Persians, already active in the north Aegean, were aware that the forests of the Strymon River area might supply the Greeks with ships and oars (Hdt. 5.23, although perhaps with hindsight). But what was clear to Persian strategists may not *yet* have interested Greek builders.“ (E. N. Borza, Timber and Politics in the Ancient World: Macedon and the Greeks, *Proceedings of the American Philosophical Society* 131.1, pp. 33). *Cf.* R. Meiggs, *The Athenian Empire*, 84, кој зборува за комбинација од интереси – дрвна граѓа, сребро и контрола на патниот правец исток – запад кој го сече Стримон – што секако не е исклучено; но, еден интерес мора да е примарен, а во дадениот момент тоа може да е само потребата од алтернативен извор за дрвна граѓа. Слично е и кај F. M. McGregor, *The Athenians...*, 44–45.

домашно. Ширењето на атинскиот воен опсег, но и на политичките апетити на Атина, секако придонесувале расходите да бидат повисоки од порано; во случај среброто од Лаврион да се покажело како недоволно, а придонесите на сојузниците да не можеле во целост да се наплатат, Атина сега располагала и со среброто од север. Во исто време, атинските добавки на дрво сè уште целосно се потпирале врз големите и квалитетни македонски резерви. Александар и понатаму бил главниот снабдувач со дрвна граѓа, но далеку од тоа дека можел да биде подложен на атинска контрола. Најважната ставка во атинскиот увоз не смеела да зависи од добрата волја на македонскиот монарх. Водена од потребата за дрво, Атина можеби морала да внимава на македонските интереси; но, од друга страна, ништо не го принудувало Александар да внимава на атинските. Околу 465 г. ст.е., атињаните процениле дека им се укажала поволна прилика за дејствување; според нив, територијата што овозможувала пристап кон месните извори на дрвна граѓа веќе не била во рацете на Александар. И Кимон, впрочем, бил доволно оштроумен за да не му се спротивстави директно на Александар: би било голема грешка да се доведе во прашање стабилниот прилив на пиериско дрво, само за да се посегне по едонското.

Сè укажува на тоа дека атинската стратегија била навидум добро осмислена, а мигот за акција одбран мудро и претпазливо. Сепак, обидот да се населат Девет патишта завршил со катастрофа. Повнимателното навлегување во причините за ваквиот исход води кон интересни сознанија.

3. *Едонија или Македонија?* – За да се сфатат собитијата што го условиле пропаѓањето на атинскиот обид за населување, треба да се тргне по малку заобиколен пат. Како што видовме, кусите споменувања во изворите навестуваат дека, некаде околу 465 г. ст.е., преминот преку Стримон кај местото Девет патишта повторно паднал во рацете на Едонците; во продолжение, ќе го разгледаме клучниот елемент во атинското решение да се почне со спроведувањето на целиот потфат – заблудата дека местото на идната населба веќе не се наоѓа во границите на кралството на Александар I Филхелен. Настанот е забележан само патемно, во светлина на атинскиот потфат, па затоа е речиси невозможно со сигурност да се каже зошто и како Александар се повлекол од Девет патишта; решението на овој проблем мора да се бара посредно, по пат на претпоставки и конјуктури. Многумина современи истражувачи изнесуваат претпоставка според која новоосвоените територии биле преголем залак за Александар и за неговите освојувачки амбиции, и дека десетина години по нивното вклучување во македонското кралство Александар сфатил дека тешко може да се справи со големината на овие територии, но и со наводниот отпор на месното население. По неколку помали судири, се вели понатаму, едонските племиња успеале повторно да извојуваат независност од централната власт, а Александар морал да се повлече кон запад.[21]

[21] Во оваа насока размислуваат N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia...*, особено R. M. Errington, *A History of Macedonia*, Berkeley - Los Angeles - Oxford, 1990, и попретпазливо, E. N. Borza (*In the Shadow of Olympus: the Emergence of Macedon*, Princeton, New Jersey, 1990), сите во поглавјата посветени на владеењето на Пердика. Има и истражувачи кои го обработуваат токму овој период, но воопшто

Ваквата конјуктура секако се потпира врз извесна логика и, како што ќе видиме во продолжение, одредени нејзини аспекти во неа се веројатно точни. Изворите навистина недвомислено споменуваат дека во 465 г. ст.е. Александар веќе не го држел преминот преку Стримон; сепак, редовно се превидува дека сè што може непосредно да се извлече од изворите – запира токму тука. Тукидид не кажува ниту збор за односите меѓу Александар и месното население, ниту пак за нивното меѓусебно расположение; исто така, тој не ни дава увид во настаните по кои Александар ја поместил границата кон запад. Значи, може да се размислува дека работите се одвивале малку поинаку од она што, речиси еднодушно, се вели во современите конјуктури.

Пред да проговориме за можното решение на оваа загатка, треба да ги разгледаме слабостите на споменатата претпоставка. Првиот проблем произлегува од текот на атинските активности во ова подрачје. Веќе проговоривме за нивната намисла и крајна цел, а на ова место повторно ќе се задржиме на реакцијата на месното население:

> ...προελθόντες δὲ τῆς Θρᾴκης ἐς μεσόγειαν διεφθάρησαν ἐν Δραβησκῷ τῇ Ἠδωνικῇ ὑπὸ τῶν Θρᾳκῶν ξυμπάντων, οἷς πολέμιον ἦν τὸ χωρίον [αἱ Ἐννέα ὁδοὶ] κτιζόμενον.[22]
>
> ... ὕστερον δὲ αὐτῶν ἀναβάντων εἰς Θρᾴκην συνέβη πάντας τοὺς εἰσβαλόντας εἰς τὴν χώραν τῶν Θρᾳκῶν ὑπὸ τῶν Ἠδωνῶν καλουμένων διαφθαρῆναι.[23]

Како да се сфати и да се објасни реакцијата на Едонците? Да прифатиме само за момент дека, околу 465 г. ст.е., интересите на Едонците во ова подрачје биле загрозени од Александар и македонското кралство. Како што беше изложено погоре, кралот ја искористил нивната слабост и политичка дезориентираност, па навлегол во едонските територии и запоседнал стратешки важни места каде што останал не помалку од една деценија; но, откако ги збиле своите редови, Едонците успеале повторно да извојуваат самостојност и да ја отфрлат превласта на Александар... и, некаде во тоа време, на нивниот хоризонт се појавиле атинските сили.

Неочекуваното атинско наметнување секако морало да предизвика реакција: не е многу веројатно дека Едонците не биле засегнати од новиот развој на настаните. Разбирливо, тие морале да размислуваат како да ги искористат настаните во своја полза и, во согласност со ова, да одберат опција која најмногу би им одговарала. Според логиката на нештата, прифаќањето на атинското

---

не се задржуваат на причините поради кои Александар се повлекол од Стримон; тие, имено, само го споменуваат повлекувањето како востановен историски факт за кој се зборува во античките извори. Сепак, задачата што си ја поставивме не ни дозволува да го одминеме овој проблем, туку напротив, налага врз него да се задржиме поподробно.

[22] Thuc. 1.100: „... но откако се придвижија кон внатрешноста на Тракија, беа уништени од здружени тракиски сили кај Драбеск во Едонија, зашто овие ценеле дека основањето на населбата [Девет патишта] е чин на непријателство“.

[23] Diod. 11.70: „... но, откако тргнаа да навлезат подлабоко во Тракија, сите беа збришани од племето наречено Едонци“.

присуство, па дури и давањето на одмерена поддршка на атинските напори, била сосем возможна и прифатлива опција. Без оглед на тоа што Атина секако би се обидела да ги искористи како инструмент за сопствената експанзија, Едонците несомнено би ги добиле симпатиите на моќниот полис и, најважно од сѐ, на овој начин апетитите и моќта на нивниот непосреден непријател, кралот на Македонија, би биле целосно неутрализирани. Но, како што видовме, Едонците реагирале на мошне неочекуван начин: наместо да застанат зад присуството на Атина, тие остро и насилно се пресметале со новодојденците.

Едонскиот чин на насилство во самоодбрана нѐ соочува со една клучна нелогичност. Според современите толкувања на состојбата, Едонците и Македонија биле противници; но, како што може да се види, Едонците одбрале да ѝ бидат непријатели и на Атина, а изворите не споменуваат никаков привремен договор меѓу Атина и Македонија, чии односи почнале да се заладуваат. Токму тука излегува на виделина слабоста на ова стојалиште: од него произлегува дека, по десетгодишно мирување под раката на централната власт, Едонците во еден одреден миг се почувствувале толку силни што свесно прифатиле да имаат сериозни непријатели на два фронта – непријатели кои, ако нештата тоа го барале, можеле набрзина да склучат договор за заедничко дејствување и без одлагање да го решат целиот проблем, но, сепак не го сториле тоа.[24]

Ова е невозможна слика за некаква тристрана нетрпеливост, во која секој се спротивставува секому и, уште почудно, интересите на трите страни се толку разнообразни, што ниту една од нив не прифаќа ниту привремено здружување. Како да се разреши овој јазол?

Наместо да се задржуваме на текот на настаните, работите ќе станат појасни ако го насочиме вниманието кон последиците од целата оваа мешаница. Атина претрпела непосредна и сериозна загуба. Нејзиниот обид поцврсто да се наметне во долниот тек на Стримон завршил со неуспех, придружен со човечки жртви и неоправдани расходи. Од друга страна, Едонците успеале да ја задржат целосната контрола во ова подрачје, каква што била и нивната првична намера.[25] Но, полза извлекло и македонското кралство: со чинот на Едонците, макар за извесно време, било одложено воспоставувањето туѓа контрола во македонската интересна сфера.[26] Тоа е факт кој не смее да се

[24] Слично нешто се случило во 432 г. ст.е., по избивањето на бунтот во Потидаја: Тукидид (1.61.3.) објаснува дека Атина и Македонија, дотогаш спротивставени, склучиле договор од нужда. *V.* и подолу, во разделот 4.

[25] *V.* S. Sprawski, „The Early Temenid Kings to Alexander I“, *in* J. Roisman & I. Worthington (eds.), *A Companion to Ancient Macedonia*, Wiley – Blackwell, 2010, 142; *cf.* J. W. Cole, „Alexander Philhellene and Themistocles“... 47. Справски е убеден дека атињаните имале намисла да освојуваат и територии под непосредна власт на Аргеадите, но дека не успеале во намерата; без оглед на изворните податоци, ваквото тврдење ми се чини премногу храбро, ако се има предвид дека устието на Стримон веќе лежело прилично далеку од територијата што Александар непосредно ја контролирал, а освен тоа, за вакви дејствија би била неопходна и логистичка база, која атињаните ниту ја имале, ниту пак успеале да ја воспостават.

[26] E. M. Walker („Attempted colonizaton“, *in* J. B. Bury *et al*. (eds.), *The Cambridge Ancient History v. V*, *Athens 478–401 B.C.*, Cambridge University Press, 1927, 57–8) го

потцени, ако се земе предвид дека обидот за контрола доаѓал од воениот и економски најсилниот хеленски полис кој, по години стабилност и меѓусебно толерирање, покажал неочекувано агресивен пристап.

Последиците од целата работа неоспорно укажуваат дека Едонците и Македонија, всушност, се поставиле на иста страна и имале заеднички интерес; со ова се побива претпоставката за нивното наводно непријателство. Но, ако нештата навистина биле такви, ако повлекувањето на Александар од Девет патишта не подразбирало непријателство со месното население, мора да се објасни кои се причините и целта поради кои македонскиот крал се повлекол од брегот на Стримон.

Одговорот, се чини, не треба да се бара подалеку од текстот на Тукидид:

> τῶν γὰρ Μακεδόνων εἰσὶ καὶ Λυγκησταὶ καὶ Ἐλιμιῶται καὶ ἄλλα ἔθνη ἐπάνωθεν, ἃ ξύμμαχα μέν ἐστι τούτοις καὶ ὑπήκοα, βασιλείας δ᾽ ἔχει καθ᾽ αὑτά.[27]

За волја на вистината, Тукидид во оваа реченица говори за областите од спротивниот, западен дел на кралството; па сепак, овој податок е мошне значаен, зашто сведочи дека одредена област не морала да се вклучи или приближи кон македонското кралство по пат на воено освојување и судир. Освојувањето со воена сила секако бил најнепосреден и најчест начин на наметнување власт, и веројатно на тој начин била добиена Еордаја; но, кога условите тоа го барале, било можно и склучување на династички брак со локалните владетели, на што упатуваородувањето со елимејската кралска куќа. Најпосле, во услови кога воеiното наметнување или контролата биле сосем невозможни, а немало можност да се склучи династички брак, областа или племенската заедница можела да има свој басилеј и да биде автономна, сè дури ја признавала врховната власт на Аргеадите и не дејствувала спротивно на нивните интереси. Се чини дека последната опција мошне добро ја опишува положбата на Едонците во ова време; впрочем, во прилог на ова зборува и сличната, понекогаш и идентична иконографија на монетите на македонското кралство и локалните племиња, нешто што не би доаѓало предвид ако монетите ги ковале два воено и политички спротивставени субјекти.[28]

Ако се има на ум сево ова, станува многу појасен и најверојатниот тек на нештата. Извесно време по освојувањето на преминот кај Девет патишта,

---

дефинира ставот на Александар на едноставен (и веројатно правилен) начин со синтагмата „Thus far and no farther".

[27] Thuc. 2.99: „Меѓу Македонците се вбројуваат и Линкестите и Елимејците, како и други горни племиња, кои им се сојузници и поданици, но сепак имаат свои кралски куќи."

[28] *Cf.* N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia...*, 108–110 и E. N. Borza, *In the Shadow of Olympus...*, 127–8; иако ја констатираат очигледната сличност на иконографијата, тие не се обидуваат да ги објаснат причините за неа. *Contra*, очекувано, M. Tačeva („On the Problems of the Coinages of Alexander I Sparadokos and the So-Called Thracian-Macedonian Tribes", *Historia: Zeitschrift für Alte Geschichte* 41.1, 1992, pp. 58–74), која одвај го дозволува изразот „тракиско-македонски ковања монети"; P. Delev, *The Edonians...,* 26 sqq. се задржува во локални рамки и, освен „north Aegean", не дава друга карактеризација на ковањето монети.

Александар во Едонија навистина морал да држи активна воена сила и во новоосвоената област да спроведе централизирано управување. Сепак, петнаесетина години подоцна, откако страстите се смириле, на влијанието на Аргеадите во Едонија веќе не му се заканувала непосредна опасност ниту однадвор, ниту пак од месното население. Во такви услови, македонските стражи на Стримон и присуството на државната администрација веројатно почнале да претставуваат непотребен товар врз економијата на кралството, особено зашто можело да се најде и друго, поисплатливо и поприфатливо решение. Александар ја повлекол кон запад формалната граница на кралството, и тоа, државната администрација и државната војска. Поместувањето на границата не значело ниту заладување на односите со Едонците, ниту пак излегување на Едонија од сферата на интерес и влијание на Аргеадите. Едонците имале свој басилеј[29] исто како и горномакедонските племиња од споменатата реченица на Тукидид – ξύμμαχα μέν τούτοις καὶ ὑπήκοα. Тие дејствувале во согласност со општите интереси на Аргеадите и, кога се појавиле атинските сили, им се спротивставиле во обостран интерес. Атињаните, по сè изгледа, станале жртви на сопствената заблуда, или поточно на слабата логистичка подготовка за планираниот потфат.

4. *Кимон (и Александар) пред судот на јавноста*. – За неуспехот кај Стримон некој сепак морал да одговара. По враќањето во Атина во 463/2 г. ст.е., Кимон бил соочен со сериозно обвинение:

> ἐκεῖθεν δὲ ῥᾳδίως ἐπιβῆναι Μακεδονίας καὶ πολλὴν ἀποτεμέσθαι παρασχὸν ὡς ἐδόκει, μὴ θελήσας αἰτίαν ἔσχε δώροις ὑπὸ τοῦ βασιλέως Ἀλεξάνδρου συμπεπεῖσθαι, καὶ δίκην ἔφυγε τῶν ἐχθρῶν συστάντων ἐπ' αὐτόν.[30]

Обвинението против Кимон е споменато патем, како една политичка епизода во неговата државничка кариера. Плутарх, кому настаните на северното крајбрежје секако не му биле во преден план, не навлегува во детали, па многу нешта во врска со ова остануваат нејасни.[31]

Пред сè, треба да се испита зошто Александар, според некои атињани, требало да биде нападнат. Искажана е претпоставка според која атињаните ја увиделе неговата улога во целиот настан, па нападот врз Македонија требало да следи како одмазда или казна.[32] Сепак, треба да се има предвид дека ваквата

[29] *Cf.* N. G. L. Hammond & G. T. Griffith, *A History of Macedonia*..., 130, особено заб. 1.

[30] Plut. *Cim*. 14: „Се чинело дека оттаму има можност полесно да ја нападне Македонија и да освои поголем дел од земјата, но овој не го сторил тоа. Поради тоа си навлекол обвинение дека, всушност, кралот Александар го поткупил со дарови; неговите здружени непријатели успеале да му издејствуваат и судски прогон“.

[31] Под прашање е дури и природата и целта на обвинението; тоа што Кимон се избавил и поминал полесно од очекуваното (в. подолу) не мора да значи ништо, зашто, како што опоменува R. Meiggs (*The Athenian Empire*, 88), можно е главната цел на овој судски процес била да послужи како политичка показна вежба, еден обид за подзасилување на политичкиот притисок врз атинските аристократи, при што Александар I послужил само како повод за целата работа.

[32] E. M. Walker, „The Rise of Cimon“, 48.

реконструкција се потпира врз современите видувања за настаните кај Девет патишта. Доколку атињаните знаеле каква е вистинската природа на односите меѓу Александар и Едонците, најверојатно би можеле да ја претпоставаат реакцијата на месното население, па би го одложиле целиот потфат за некој поповолен миг; освен тоа, и Тукидид секако не би пропуштил да проговори за скриената улога на македонскиот крал. Друга можна претпоставка е дека на Александар му се префрлало поради небрежност; имено, тој сè уште бил атински проксен и евергет, а не се потрудил да им пружи помош на населениците.[33] Ова, пак, е сосем спротивно на атинските намери и интереси. Атина сакала да влезе во Стримонскиот басен, но, истовремено, не сакала да се постави непријателски кон својот главен снабдувач со дрвена граѓа. Интересот на Атина диктирал Александар да биде што подалеку од местото на настанот и, по можност, да нема никаков удел во него. Најпосле, атињаните биле убедени дека Александар не можел да го задржи преминот ниту за себе; зошто би очекувале дека ќе биде способен да им помогне на хеленските населеници?

Сепак, податокот на Плутарх не смее лекомислено да се отфрли, зашто Кимон ја избегнал смртната казна за само три гласа.[34] Очигледно, за голем број атињани обвинението било доволно издржано, а на пресметката со Кимон се гледало благонаклоно. Уште поважно, може да се каже дека, во ова време, во Атина постоеле политички кругови кои биле доволно храбри и самоуверени за да пропагираат војна против Македонија.[35] Доволен е само еден поглед врз имињата на обвинителите, за да се открие идентитетот и политичкото стојалиште на овие храбри политички дејци. Најопасниот обвинител на Кимон бил Перикле, синот Ксантипов. Ова наведува на помисла дека процесот против Кимон имал политичка заднина, а оцрнувањето на Александар имало специфична улога во борбата за политички поени.

Кимон несомнено добро се бранел и, најпосле, успеал да помине само со казна од педесет таланти. Но, ова судење, барем од она што може да се извлече од Плутарх, го означило почетокот на беспоштедната борба меѓу Кимон и атинските демократи. Причините за ова непријателство се мошне јасни и, во голема мера, идентични со оние што довеле до остракирањето на Темистокле десетина години порано. Впрочем, целиот овој период бил одбележан од борбите за власт меѓу атинските олигарси и демократи. Многу поинтересен од тоа е начинот на кој се водела политичката борба, а кој, во желбата да се придвижи демосот, подразбирал и сосема нов степен на ударност.[36]

---

[33] L. C. Hodlofski, *Macedonian relations...*, 64.

[34] Dem. *In Aristocr.* 205: ... καὶ Κίμωνα, ὅτι τὴν πάτριον μετεκίνησε πολιτείαν ἐφ’ ἑαυτοῦ, παρὰ τρεῖς μὲν ἀφεῖσαν ψήφους τὸ μὴ θανάτῳ ζημιῶσαι, πεντήκοντα δὲ τάλαντ’ ἐξέπραξαν. „Кимон се осмелил по сопствена волја да го урива прадедовското уредување, и затоа одвај, за само три гласа, се спасил од смртна казна; затоа пак морал да плати казна од педесет таланти.“

[35] *Cf.* R. M. Errington, *A History of Macedonia...,* 14.

[36] Теоретските аспекти, конституционалните определници и правните ограничувања на оваа политичка борба се одлично обработени од W. Eder, „Aristocrats and the Coming of

Политичкиот манир на новите атински демократи бил мошне интересен. Тој може убаво да се сфати од зборовите на Плутарх:

> ἐπεὶ δ᾽ Ἀριστείδης μὲν ἀποτεθνήκει καὶ Θεμιστοκλῆς ἐξεπεπτώκει, Κίμωνα δ᾽ αἱ στρατεῖαι τὰ πολλὰ τῆς Ἑλλάδος ἔξω κατεῖχον, οὕτω δὴ φέρων ὁ Περικλῆς τῷ δήμῳ προσένειμεν ἑαυτόν, ἀντὶ τῶν πλουσίων καὶ ὀλίγων τὰ τῶν πολλῶν καὶ πενήτων ἑλόμενος...[37]
> ὡς δὲ πάλιν ἐπὶ στρατείαν ἐξέπλευσε, τελέως ἀνεθέντες οἱ πολλοὶ καὶ συγχέαντες τὸν καθεστῶτα τῆς πολιτείας κόσμον τά <τε> πάτρια νόμιμα οἷς ἐχρῶντο πρότερον...[38]

Очигледно, единствена прилика во која атинските демократи можеле со успех да ги пропагираат своите политички идеи биле миговите кога Кимон не се наоѓал во Атина. За нивна среќа, Кимон мошне често отсуствувал од Атина, па во негово отсуство Ефијалт и Перикле целосно се посветиле на задачата да го придобијат народот на своја страна.[39] Сепак, задачата била потешка одошто би можело да се очекува, зашто

> ὁ γὰρ Κίμων ἅτε τυραννικὴν ἔχων οὐσίαν, πρῶτον μὲν τὰς κοινὰς λῃτουργίας ἐλῃτούργει λαμπρῶς, ἔπειτα τῶν δημοτῶν ἔτρεφε πολλούς. ἐξῆν γὰρ τῷ βουλομένῳ Λακιαδῶν, καθ᾽ἑκάστην τὴν ἡμέραν ἐλθόντι παρ᾽ αὐτὸν ἔχειν τὰ μέτρια. ἔτι δὲ τὰ χωρία πάντα ἄφρακτα ἦν, ὅπως ἐξῇ τῷ βουλομένῳ τῆς ὀπώρας ἀπολαύειν.[40]

За да се урне Кимон не било доволно само заговарањето на демократите. За да го замрази човекот кој ја хранел целата своја дема и за чија дарежливост

Athenian Democracy", in I. Morris & K. A. Raaflaub (eds.), *Democracy 2500? Questions and Challenges*, Archaeological Institute of America, Colloquia and Conference Papers II, 1997, 10–40 (со нагласка врз современите паралели); и особено B. Gouschin, „Democracy and Aristocracy in Ancient Athens: Deformation or Adaptation?", *Higher School of Economics* Research Paper No. WP BRP 101/HUM/2015 (со нагласка врз политиката на атинските аристократи).

[37] Plut. *Pericl.* 7.2.: „... но, во времето кога Аристејд веќе бил мртов, Темистокле прогонет, а походите го држеле Кимон понастрана од Хелада, Перикле успеал да ја запоседне политичката сцена, при што решил да ги застапува интересите не на малкумината богати, туку на сиромашното множество".

[38] Plut. *Cim.* 15.2: „Но, откако повторно исловил во поход, множеството се оддало на самоволие и го урнало не само поредокот на државата, туку и прадедовските обичаи што се почитувале претходно..."

[39] Прегледен и јасен приказ на овие политички надмудрувања дава C. W. Blackwell, „Cimon", *in* C. W. Blackwell (ed.), *Demos: Classical Athenian Democracy*, Stoa: a consortium for electronic publication in the humanities, 2003. *Cf.* R. A. Knox, „So Mischievous a Beaste"? The Athenian „'Demos' and Its Treatment of Its Politicians", *Greece & Rome*, Second Series, 32.2, 1985, 132–161.

[40] Arist. *Ath. pol.* 27.3: „ Кимон имал имот достоен за тиранин. Не само што беспрекорно ги извршувал јавните служби, туку и крепел и хранел многумина од неговата дема. Секој жител на Лакијада можел секој ден да се обрати во домот на Кимон, и ќе добиел следување за да го истера денот, а на имотот немал никаква ограда, за секој што сака да си вкуси од богатиот род".

се пределе приказни, демосот требал да добие на увид нешто опипливо. Обвинението за поткуп, од денешна гледна точка, би изгледало дури и по малку наивно: ако во антиката без подлога се користело некое обвинение со цел да се оцрни политичкиот противник, тоа било токму обвинението за поткуп, кое, патем кажано, често се случувало по некој крупен воен или политички неуспех.

Како што видовме, Кимон донел мудро решение. И покрај тоа што сакал да посегне по суровините од северното крајбрежје, тој по никоја цена не сакал да го ризикува стабилниот прилив на пиериско дрво. Ова, секако, му било јасно на целиот атински политички врв. Во крајна линија, иако се наоѓала во несомнен напон, Атина немала воена и економска моќ да се вовлекува во судир кој можеби би ги ангажирал нејзините сили со години. Војна против Александар, во таков миг и со таква распределба на силите, очигледно не доаѓала предвид. Што тогаш бара името на македонскиот крал во обвинението?

Едноставно, некој морал да биде споменат; некој морал да му го понуди поткупот на Кимон. Во оваа приказна не требало да бидат убедени ниту филозофите, ниту политичките дејци (уште помалку, пак, современите историчари), туку токму оној дел од демосот кого Тукидид и Аристотел погрдно го нарекуваат ναυτικὸς ὄχλος, „морнарска толпа“,[41] луѓето кои ни насоне не би можеле да си дозволат хоплитска спрема, но вределе доволно за да бидат веслачи на воена триера... и гласачко оружје на Ефијалт и Перикле. Кај нив, секако, можела да мине воинствената реторика, која истовремено удирала врз етиката на Кимон и ги нагласувала патриотските чувства на поднесувачите на тужбата. За конечната судбина на Кимон, сепак, не се заслужни атинските демократи, туку спартанските ефори: со едно избрзано и неосмислено политичко решение, тие ја запечатиле судбината на својот прв човек во Атина.[42] По срамните настани на планината Итома, десет години по Темистокле, и Кимон тргнал по патот на прогонството.

Имајќи го предвид понатамошниот развој на настаните, би се рекло дека Александар се нашол во лошо друштво: интересите на „морнарската толпа“ на Аристотел сè повеќе излегувале во преден план, а таа, пак, во Александар не гледала пријател на Атина. Па сепак, судирот, иако неминовен, се чинел подалечен од кога и да е. Со вмешувањето во египетското востание повторно биле предизвикани Персијците, а острото заладување на односите со Спарта завршило со војна. Македонското кралство, макар за извесно време, било надвор од хоризонтот на случувањата.

[41] Thuc. 8.72.2; Arist. *Pol.* 1304a22.

[42] Прегледен приказ на случувањата даваат M. F. Mcgregor, *The Athenians...*, 46 sqq. и J. Thorley, *Athenian Democracy*, Lancaster Pamphlets in Ancient History, Routledge, 2004; *v.* задолжително и одличната анализа на E. F. Bloedow, „Why did Sparta rebuff the Athenians at Ithome in 462 BC?“, *Ancient History Bulletin* 14.3 (2000), 89–101;